# Индекс на политички интегритет [1]

# Случај #4 - Именувања во управни и надзорни одбори од страна на советите на општините без транспарентност

## Вовед

Во фокусот на оваа анализа е постапувањето на советите на локалната самоуправа, вклучително и Советот на Град Скопје, во процесот на именување членови во управни и надзорни одбори на јавни институции (градинки, училишта и јавни претпријатија).

Управните и надзорните одбори директно влијаат врз функционирањето на клучни јавни услуги, што ја зголемува тежината на овие одлуки. Бидејќи именувањата ги гласаат избраните советници, постои директна политичка одговорност, а влијанието врз јавниот интерес е значително.

Според јавно достапни информации и медиумски извештаи, овие именувања се вршат без објавени биографии и без транспарентна постапка.

**Категорија: транспарентност, отчетност**

**Оценување на политичкиот интегритет: -1 СЕНКА**

Повеќе медиумски извештаи укажуваат на повторлива пракса на нетранспарентни именувања, без основни информации за избраните лица и без јасна аргументација за нивната компетентност.

Ова упатува на слабости во примената на принципите на транспарентност и отчетност при управување со јавните институции.

Според методологијата на Индексот на политички интегритет, овој случај соодветствува на категоријата „Сенка“ со вредност –1.

[1] Методологија на „Индекс на политички интегритет“

**Клучни аргументи**

Клучните аргументи се базираат на јавно достапни информации и медиумски извештаи.

- Советот на Град Скопје именувал 117 членови во управни одбори, при што за дел од нив не биле доставени биографии до советниците, што го ограничува јавниот увид во нивната стручност и релевантност за функцијата.
- Дополнително, во управните одбори на градинките и средните училишта биле именувани 88 лица без јавно достапни информации за нивната професионална позадина.
- Ваквата пракса создава ризик од именувања врз основа на политичка припадност или клиентелизам.
- Слични практики се забележуваат и на ниво на други општини, што укажува на можен поширок, системски модел.
- Нетранспарентноста ја ограничува можноста за јавна контрола и отчетност кои директно влијаат и на довербата на граѓаните во институциите, и конечно го намалуваат интегритетот на истите.

**Препораки:**

Со цел да се заштити интегритетот на институциите и да се спречи понатамошно нарушување на довербата на јавноста се препорачува:

- Воведување јасни процедури за избор на членови во управни и надзорни одбори.
- Обврска за јавно објавување на биографии и квалификации на сите предложени кандидати навремено пред нивно именување.
- Обезбедување транспарентна и суштинска расправа во советите пред донесување на одлуките.
- Проширување на позитивни практики воспоставени во Град Скопје, во врска со намалувањето на паушалите и бројот на членови на управните и надзорни одбори, како и нивно дополнување со јасни правила за квалитет и јавен увид во именувањата, преку воспоставување на заеднички стандарди на ниво на ЗЕЛС.

**Заклучок**

Именувањата  во управни и надзорни одбори без јасни критериуми и без јавен увид во квалификациите на кандидатите го ослабуваат системот на добро управување.

Ваквите практики не само што го ограничуваат јавниот надзор, туку создаваат и перцепција на политизација и клиентелизам,  што го нарушува интегритетот на институциите и довербата на граѓаните.

Во рамки на Индексот на политички интегритет, овој случај претставува „Сенка“ – сигнал за потреба од системски подобрувања.

---

Документот е подготвен од Форум за разумни политики (ФРП) како дел од нашата долгорочна работа на развој и одржување на Индексот за политички интегритет. Анализата се темели на јавно достапни податоци во медиумите и утврдени критериуми на индексот.